УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје
Бр. 02-2037/1
06.09.2024
С К О П Ј Е

Врз основа на член 84 став 1 алинеја 2 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), постапувајќи по предлогот на продеканот за наставни и студентски прашања, Деканатската управа на Факултетот, на 11-та редовна седница одржана на ден 5.9.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## *за делумно ослободување од партиципација/школарина на особено успешен студент*

1. Студентот со статус на особено успешен студент и остварен просечен успех од 9.50 – 10.00 има право на делумно ослободување од плаќање на партиципација, односно школарина.

2. Делумното ослободување од партиципација, односно школарина е во висина од 60% од износот на партиципацијата за упис на семестарот.

3. За да го оствари правото на ослободување од член 1 и член 2 на оваа одлука, студентот е должен да ги положи сите предвидени испити со студиската програма од претходните семестри.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за учебната 2024/2025 година.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Даворин Трпески

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
Република Северна Македонија
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Да се достави до:
- Архива;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Институти;
- Одделение за студентски прашања (2);
- Деканатско досие
- Веб страна.